Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 25, 14 август 2009 година

август 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-уметничкото подрачје ликовна уметност на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-уметничкото подрачје флејта на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област монетарна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот за учебникот „Генеза на рудни наоѓалишта“ од проф. д-р Тодор Серафимовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 17

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-УМЕТНИЧКОТО ПОДРАЧЈЕ ЛИКОВНА УМЕТНОСТ НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2102-54/3 од 25.6.2009 год. донесена на седница на Наставно-научниот совет на Педагошки факултет, одржана на 24.6.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од ***ликовна уметност*** на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Вечер“ (15.6.2009 год.) и во предвидениот рок се пријави кандидатот ***м-р Никола Смилков***, доцент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Педагошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Никола Смилков** е роден на 26 октомври 1973 година во Штип, каде што завршува основно училиште. Средно образование завршува во Скопје, со континуиран одличен успех. Во 1999 година дипломира на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во учебната 1999/2000 година Никола Смилков се запишува на постдипломски студии на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Предвидените испити од постдипломските студии ги завршува со просечен успех 9,8 и во декември 2002 год. го одбранува магистерскиот труд на тема *„Спој“* и се здобива со звање **магистер од областа на вајарството.**

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Професионалниот ангажман го започнува како наставник во редовната настава и тоа од 1999 до 2000 година како професор во ДСТУ „Димитар Мирасчиев“ и од 2001 до 2002 година како професор во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2002 година е избран за асистент на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, за предметите *Куларство и сценографија* и *Сценски игри*.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошки факултет на 24.11.2004 год. е избран во наставно-научно звање **доцент.**

Во текот на изборниот период (2004-2009 год.) активно е вклучен во наставно-образовниот процес на Педагошкиот факултет и учествува во изведувањето на наставата (предавања, вежби и испити) наменета за студентите од групите Одделенска настава и Предучилишно воспитување, како и на категоријата студенти на дообразување, по предметите: *Основи на ликовно воспитување со методика, Кукларство и сценографија,* а со негово ангажирање за осовременување на наставните планови се воведуваат и новите предмети *Ликовно студио* и *Ликовна работилница.*

Во текот на изборниот период (2004-2009 год.) кандидатот ги објавува следниве стручни и научни трудови.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности 2004-2009 г.**

2004 - Проект „Скулптури на новото време” - Куманово, Македонија
2004 - Меѓународна колонија на уметничка керамика - Ужице, Србија
2005 - Меѓународен скулпторски симпозиум - Росица, Велико Трново, Бугарија
2005 - Меѓународен скулпторски симпозиум - Шумен, Бугарија
2005 - Меѓународен скулпторски симпозиум - Даниловград, Црна Гора
2007 - Меѓународна колонија на уметничка керамика - Вогље, Словенија
2007 - Меѓународен скулпторски симпозиум - Севлиево, Бугарија

**Реализирани изложби 2004-2009 г.**

**Групни изложби:**

2004 - Изложба на ликовните педагози - Скопје, Македонија
2004 - Ужице, Србија
2005 - Велико Трново, Бугарија
2005 - Шумен, Бугарија
2005 - Даниловград, Црна Гора
2007 - Вогље, Словенија
2007 - Севлиево, Бугарија
2007 - Годишна изложба на ДЛУМ
2007 - Скулптури на новото време - Куманово, Македонија
2008 - Мал формат (ДЛУМ), Скопје, Македонија
2008 - 107 македонски уметници во Париз/ Париз, Франција
2008 - Денови на културата - Констанца, Романија
2008 - Годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на Град Скопје, Македонија
2009 - Интернационална изложба на ДЛУМ во Дворецот на културата, Софија, Бугарија

**Самостојни изложби**

2004 - Културно-информативен центар - Скопје, Македонија
2004 - Дом на културата „Марко Цепенков" - Прилеп, Македонија

**Монументални скулптури**

2006 - Спомен-обележје Александар III Велики Македонски, Плоштад - Штип, Македонија.

Кандидатот помеѓу двата избора ги има добиено следниве награди.

**Награди**

2003 - Прва награда за спомен обележје на „Бранителите на Македонија 2001", Штип, Македонија
2008 - Награда за скулптура „Димо Тодоровски" (Државна награда за скулптура на ДЛУМ)

**Научни трудови и презентации:**

Смилков, Н. (2008). Континуираната едукација на наставниот кадар како фактор за подобрување на наставата по ликовно воспитување, *Зборник, Граѓанска асоцијација на учители,* 90-92 стр., Штип, 2008 год.

Предавање на тема: Современи тенденции во наставата, мај 2007 год., Штип

**Работа на проекти**

2005 - 2008 „Creative teaching/learning", USAID, FOSIM (учесник)

**Организациско-развојна дејност**

- Активен член на Универзитетски сенат при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
- Активен член на Комисија за наставни прашања на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
- Член на Комисија за ревидирање на наставните планови и програми на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
- Член на Комисија за изработка на Елаборат за организирање на втор циклус на академски универзитетски студии на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
- Член на Универзитетска конкурсна комисија за уписи на студенти (2008/2009 и 2009/2010).

**Членство во професионални асоцијации**

- Претседател на Друштво на ликовни педагози на Штип.
- Активен член на Друштво на ликовни уметници на Македонија.
- Активен член на Друштво на ликовни уметници на Штип.
- Активен член на Друштво на ликовни педагози на Македонија.
- Активен член на Интернационална асоцијација за монументална скулптура /AIESM - Италија www.aiesm.com
- Активен член на Интернационална скулпторска организација www.sculpture-network.org

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, констатиравме дека се работи за кандидат со широк спектар на стручно-уметничка, наставно-научна и научноистражувачка дејност. Големиот творечки опус, бројните реализирани групни и самостојни изложби, но и монументални скулптури, како и ангажманот во наставно-научната дејност, укажуваат дека се работи за профилиран и стручен кандидат кој постојано придонесува во ликовната уметност и во ликовното образование во Република Македонија. Освен тоа, констатиравме дека стручно-уметничката активност излегува надвор од рамките на Република Македонија, што претставува уште една потврда за нивото на квалитет на кандидатот.

По разгледувањето на приложените материјали од страна на кандидатот кој се пријави на распишаниот Конкурс и по извршениот увид во стручното ниво со посебен акцент на наставната дејност, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ да го избере **доцент м-р Никола Смилков** во наставничко звање **вонреден професор,** во научната област **ликовна уметност.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. Данчо Ордев, с.р.**
**редовен професор на Педагошки факултет**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј “**

**Д-р Фехим Хусковиќ, с.р.**
**вонреден професор на Факултет за ликовни уметности**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

**Проф. Тодор Максимов, с.р.**
**вонреден професор на Педагошки факултет**
**Универзитет „Гоце Делчев“**

**П р и л о г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Никола Смилков, доцент, во изборниот период 2004/2009 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 1 | **7** |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7 | 0,2 | **1,4** |
| Воведување на нов специјален (стручен) наставен предме<br>• Ликовна работилница<br>• Ликовно студио | | | |
| Поени од настава (предавања и вежби) според точка 25 и 26 од Табелата за вреднување на активностите<br>**7 + 4 x ( 3,5x1,5+5x0,2 ) + 0,5 x ( 5x1,5+ 6x0,2 )** | 4 | | **36,35** |
| ***Вкупно*** | | | **44,75** |
| **Научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 3 | **3** |
| Учесник во научен проект | 1 | 3 | **3** |
| Пленарно предавање на научен собир, ликовен настап на симпозиум | 7 | 6 | **42** |
| Ликовен настап во земјава | 6 | 2 | **12** |
| Ликовен настап во странство | 9 | 3 | **27** |
| Самостојна ликовна изложба во земјава | 2 | 1,5 | **3** |
| ***Вкупно*** | | | **90** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР)** | | | |
| **Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир**<br>- Претседател на Друштво на ликовни педагози на Штип | 1 | 2 | **2** |
| Стручни награди и признанија | 1 | 4 | **4** |
| **Член на универзитетски и владини тела**<br>- Член на Универзитетски сенат<br>- Член на Универзитетска комисија за наставни прашања<br>- Член на Универзитетска конкурсна комисија за уписи на студенти (2008/2009); (2009/2010) | 3 | 10 | **30** |
| **Член на факултетски орган, комисија**<br>• Член на Комисија за ревидирање на наставните планови и програми на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип<br>• Член на Комисијата за изработка на Елаборат за организирање на втор циклус на академски универзитетски студии на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип | 2 | 2 | **4** |
| Вкупно | | | **40** |
| **ВКУПНО** | **174,75** | | |

(НО)=44,75 + (СУ)= 90 + (САОР)=40 = **174,75**